**Република Северна Македонија**
**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Благоја Каламатиев**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот граѓански суд Скопје**
**и Основниот кривичен суд Скопје**
**ул.Дебарца бр.25А/1-2**
**тел. 02/2044-554 тел.071 221 680**

**Образец бр.66**

**И.бр. 5387/2024**

Извршителот Благоја Каламатиев од Скопје со седиште на ул.Дебарца бр.25А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ТОНИ ПЕТКОСКИ од Скопје и живеалиште на ул.Беровска бр.2/3-4, преку полномошник Адвокат Игор Боцевски засновано на извршната исправа ОДУ бр.840/15 од 12.08.2015 година на Нотар Сашо Клисароски од Скопје, против должникот Драган Петрушевски од Скопје и живеалиште на Ул.Димче Милошевски бр.55, за спроведување на извршување во вредност 900.000,00 денари на ден 26.03.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА трета продажба со усно јавно наддавање** на недвижноста означена како во имотен лист бр.90 за КО К ‘шање при АКН на РСМ – Одделение за катастар на недвижности Куманово и тоа :

- Нива во м.в.Лозје, план 7, скица 24, класа 5, со површина од 10.030,88 м2, која лежи на КП 1547;
- Нива во м.в. Бачила, план 3, скица 12 класа 6, со површина од 1.440,89 м2, која лежи на КП 521;
- Нива во м.в. Трајков Чукор, план 4, скица 13, класа 8 со површина од 7.376,66 м2, која лежи на КП 905;
- Култура 33 – Н во м.в. Трајков Чукор, план 4, скица 13, класа 5 со површина од 3.282,55 м2, која лежи на КП 914;
- Култура 33 – Н во м.в. Трајков Чукор, план 4, скица 13, класа 6 со површина од 1.828,67 м2, која лежи на КП 914;
- Шума во м.в.Јазмино, план 4, скица 14, класа 4, со површина од 647,31 м2, која лежи на КП 923; Пасиште во м.в.Јазмино, план 4, скица 14, класа 4 со површина од 570,09 м2, која лежи на КП 924, со запишано право на сопственост на должникот Драган Петрушевски од Скопје .

Продажбата ќе се одржи на ден 14.04.2026 година во 12:00 часот во просториите на на Извршител Благоја Каламатиев од Скопје на ул.Дебарца бр.25А-1/2 Скопје.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.5387/2024 од 07.07.2025 година, изнесува 1.377.118,00 денари, **вредноста на предметната недвижност се намалува по предлог на доверителот, од почетната вредност утврдена со заклучок на извршителот и истата се утврдува на износ од 918.100,00 денари под која недвижноста не може да се продаде на третото усно јавно наддавање**

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Налог за извршување кон пристапување кон извршување И.бр.5432/2024 на Извршител Благоја Каламатиев од Скопје

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста и тоа износ од 91.810,00 денари.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 290000001927635 која се води кај ТТК БАНКА АД и даночен број 5080016506534 најдоцна до ден 10.04.2026 година.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Благоја Каламатиев